Врз основа на членот 32 од Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 25.6.2008 година донесе

# О Д Л У К А

за ослободување од плаќање на школарина

1. Се ослободуваат од плаќање на надоместок на школарина во висина од 200 евра, во денарска противвредност сите студенти запишани на Факултетот за електротехника и информациски технологии во прва година во учебната 2008/2009 година кои:

- во текот на своето средно образование освоиле прво место на државните натпревари по некои од следниве предмети: математика, физика, информатика или електротехника;
- во текот на своето средно образование освоиле прво, второ или трето место (награда) на меѓународни олимпијади на знаења, (балкански, или светски) првенства по некои од следниве предмети: математика, физика или информатика.

2. Студентите од точка 1 на оваа одлука должни се при уписот да приложат оргинал документ за освоеното место на соодветниот натпревар.

3. На секој корисник на бенифицијата утврдена со оваа одлука му се издава посебно решение. Примерок од решението се чува и во досието на студентот.

4. Одлуката да се достави до: службата за студентски прашања, студентска огласна табла, ННС, продеканот за настава, секретарот, сметководство и архивата на Факултетот.

Д е к а н

проф. д-р Вангел Фуштиќ